Р. Северна Македонија - R. Maqedonise se Veriut
Средно Општинско Училиште
Shkolla e mesme komunale "Pero Nakov
"ПЕРО НАКОВ" - "PERO NAKOV"
Бр.-Nr. 02-27/52
04.08. 2025 год.-viti
Куманово - Kumanove

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) а во врска со јавен оглас за вработување на административен службеник во СОУ „Перо Наков“ Куманово, директорот на СОУ „Перо Наков„ Куманово ја донесе следната

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО СОУ „ПЕРО НАКОВ“ КУМАНОВО

1.На јавен оглас со број 610/2025 за вработување на административен службеник - 1 извршител за работно место ОБН 0102Г01009-Сметководител I, Самостоен референт за сметководствени работи-Одделение за финансии и сметководство,(1) Извршител(и), СЕ ИЗБИРА кандидатот со идентификациски код 75В08Е4 **Свиланка Томиќ** со вкупен број на освоени бодови во сите фази 74.05.

2.Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место под број 1 по конечноста на оваа Одлуката, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа одлука стапува на сила во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на истата на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 25.06.2025 година во дневните весници „ Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ како и на веб страната на Агенција за администрација беше објавен јавен оглас број 610/2025 за вработување на административен службеник во СОУ „Перо Наков“ Куманово за работно место ОБН 0102Г01009-Сметководител I, Самостоен референт за сметководствени работи-Одделение за финансии и сметководство,(1) Извршител(и).

Со решение на директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1549/3 од 03.07.2025 година и Решение за измена и дополнување на Решението за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1549/5 од 30.07.2025 година е формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.610/2025 на ден 14.07.2025 година изврши административна селекција за административен службеник за што е изготвен Записник бр.10-1549/4 од 14.07.2025 година.

На ден 30.07.2025 година се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведениот испит за административен службеник со архивски број.10-1549/6 од 30.07.2025 година.

На ден 31.07.2025 година комисијата спроведе проверка на веродостојност на доказите и интервју за административен службеник, и за истото состави записник со број 10-1549/7 од 31.07.2025 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата до Директорот на училиштето е доставена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат бр.10-1549/8 од 31.07.2025 година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) , Директорот на СОУ „Перо Наков„ од Куманово одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволен кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

-кандидатот
-Агенција за администрација
-архива

Директор
Мила Жибак Димковска

М. Жибак